Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 21.09.2020

На 20.09.2020 во 18.50 часот на Граничен премин Деве Баир, полициски службеници го лишиле од слобода Г.П.(51) од Р.Албанија бидејќи при увид и контрола во албанска патна исправа било констатирано дека некои од оригиналните страници биле отстранети, а на нивно место биле вметнати други фалсификувани страни. За настанот е запознаен јавен обвинител, а лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Кратово за понатамошна постапка.

На 20.09.2020 во 12.00 часот на наплатна станица „Отовица" во Велес, полициски службеници од СВР Велес забележале товарно моторно возило со скопски регистарски ознаки, при кој момент го напуштил местото на настанот. Подоцна, на 500 метри од наплатната станица, полициските службеници го лишиле од слобода С.С.(38) од Скопје, а по прегled во возилото биле пронајдени 30 лица-мигранти од Авганистан, Сирија и Сомалија. За настанот е известен јавен обвинител, мигрантите се сместени во Прифатниот центар Винојут. С.С. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.09.2020 околу 02.00 часот на обиколница Табановце, полициски службеници од Полициска станица Сопот забележале патничко моторно возило „опел корса" како остава три лица-мигранти и го напушта местото. Возилото било сопрено во с.Воиновиќ, кумановско, при што било констатирано дека возилото го управувал Д.С.(41) од Велес. Мигрантите се предададени во Транзитен центар Табановце. Д.С. бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициска станица Куманово за понатамошна постапка. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.09.2020 во 18.50 часот на Граничен премин Деве Баир, полициски службеници го лишиле од слобода Г.П.(51) од Р.Албанија бидејќи при увид и контрола во албанска патна исправа било констатирано дека некои од оригиналните страници биле отстранети, а на нивно место биле вметнати други фалсификувани страни. За настанот е запознаен јавен обвинител, а лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Кратово за понатамошна постапка.

На 20.09.2020 во 12.00 часот на наплатна станица „Отовица" во Велес, полициски службеници од СВР Велес забележале товарно моторно возило со скопски регистарски ознаки, при кој момент го напуштил местото на настанот. Подоцна, на 500 метри од наплатната станица, полициските службеници го лишиле од слобода С.С.(38) од Скопје, а по прегled во возилото биле пронајдени 30 лица-мигранти од Авганистан, Сирија и Сомалија. За настанот е известен јавен обвинител, мигрантите се сместени во Прифатниот центар Винојут. С.С. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.09.2020 околу 02.00 часот на обиколница Табановце, полициски службеници од Полициска станица Сопот забележале патничко моторно возило „опел корса" како остава три лица-мигранти и го напушта местото. Возилото било сопрено во с.Воиновиќ, кумановско, при што било констатирано дека возилото го управувал Д.С.(41) од Велес. Мигрантите се предададени во Транзитен центар Табановце. Д.С. бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициска станица Куманово за понатамошна постапка. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.09.2020 во 18.50 часот на бул.„Илинденска" во Тетово се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „опел корса" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.С. од с.Ново Село, општина Боговиње, во кое сопатници биле Е.С.(19) од с.Ново Село, Њ.Л.(18) од с.Мала Речица и 16 годишна малолетничка од Тетово, патничко моторно возило „голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Н.Н. од с.Палатица, во кое сопатник бил малолетник од с.Палатица и патничко моторно возило „бмв" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.Д. (38) од Тетово. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила 16 годишната сопатничка од возилото „опел корса", која била пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Останатите учесници во незгодата се здобиле со трелесни повреди и им била укажана лекарска помош во Клинички центар Тетово. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа при СВР Тетово.

На 20.09.2020 во 18.10 часот на локалниот пат кај с.Челопеци во Кичево, патничко моторно возило „фолксваген голф" со охридски регистарски ознаки, управувано од М.Г.(73) од Кичево, удрило во двајца пешаци- малолетници од с.Челопеци, кичевско. По незгодата, тие биле пренесени во Медицински центар Кичево, при што кај единот биле констатирани телесни повреди, а кај другиот тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кичево.

На 21.09.2020 околу 05.15 часот во близина на угостителски објект во с.Зајас, кичевско, патничко моторно возило „фиат пунто" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.А.(25) од с.Брвеница,тетовско, излетало надвор од коловозот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобиле возачот М.А и сопатничката М.А.(24) од с.Брвеница кои биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кичево.

На 20.09.2020 во 12.00 часот на наплатна станица „Отовица" во Велес, полициски службеници од СВР Велес забележале товарно моторно возило со скопски регистарски ознаки, при кој момент го напушти местото на настанот. Подоцна, на 500 метри од наплатната станица, полициските службеници го лишиле од слобода С.С.(38) од Скопје, а по прегled во возилото биле пронајдени 30 лица-мигранти од Авганистан, Сирија и Сомалија. За настанот е известен јавен обвинител, мигрантите се сместени во Прифатниот центар Винојут. С.С. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.09.2020 околу 02.00 часот на обиколница Табановце, полициски службеници од Полициска станица Сопот забележале патничко моторно возило „опел корса" како остава три лица-мигранти и го напушта местото. Возилото било сопрено во с.Воиновиќ, кумановско, при што било констатирано дека возилото го управувал Д.С.(41) од Велес. Мигрантите се предададени во Транзитен центар Табановце. Д.С. бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициска станица Куманово за понатамошна постапка. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.09.2020 во 18.50 часот на бул.„Илинденска" во Тетово се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „опел корса" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.С. од с.Ново Село, општина Боговиње, во кое сопатници биле Е.С.(19) од с.Ново Село, Њ.Л.(18) од с.Мала Речица и 16 годишна малолетничка од Тетово, патничко моторно возило „голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Н.Н. од с.Палатица, во кое сопатник бил малолетник од с.Палатица и патничко моторно возило „бмв" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.Д. (38) од Тетово. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила 16 годишната сопатничка од возилото „опел корса", која била пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Останатите учесници во незгодата се здобиле со трелесни повреди и им била укажана лекарска помош во Клинички центар Тетово. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа при СВР Тетово.

На 20.09.2020 во 18.10 часот на локалниот пат кај с.Челопеци во Кичево, патничко моторно возило „фолксваген голф" со охридски регистарски ознаки, управувано од М.Г.(73) од Кичево, удрило во двајца пешаци- малолетници од с.Челопеци, кичевско. По незгодата, тие биле пренесени во Медицински центар Кичево, при што кај единот биле констатирани телесни повреди, а кај другиот тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кичево.

На 21.09.2020 околу 05.15 часот во близина на угостителски објект во с.Зајас, кичевско, патничко моторно возило „фиат пунто" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.А.(25) од с.Брвеница,тетовско, излетало надвор од коловозот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобиле возачот М.А и сопатничката М.А.(24) од с.Брвеница кои биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кичево.

На 20.09.2020, по претходно преземени мерки и активности, а поради постоење основи на сомнение за кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и распрскувачки материи" и „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Делчево, врз основа на судска наредба, извршиле претрес во домот и други простории на А.К.(43) во Делчево. При претресот биле пронајдени и одземени марихуана, пиротехнички средства, малокалибарска муниција и др. По документирање на случајот против А.К. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.09.2020 во 00.30 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на магистрален пат Струмица - Радовиш, на крстосница за с.Василево, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „ауди", со стружнички регистарски ознаки, управувано од Ј.В.(18) од село Василево, патничко возило „бмв", со англиски национални ознаки, управувано од Ѓ.Д. (25) од с.Ангелци и паркирана полуприколка без регистарски ознаки. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобиле сопатниците во патничкото возило „ауди", Д.Г.(20) и Г.Д.(19), двајата од с.Василево, хоспитализирани во Медицинскиот центар Струмица, каде што биле пренесени за укажување на лекарска помош. Увид извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 21.09.2020 околу 01.00 часот на ул.„Никола Тесла" во Битола од слобода биле лишени Ф.Ј.(35) и Н. Ј.(55), двајата од Битола, затоа што ги спречувале нападнате полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.09.2020 околу 22.30 часот во с.Никушташ, општина Липково, полициски службеници ги лишиле од слобода И.С.(48) и Б.С.(23), двајата од с.Арачиново, затоа што околу 20.30 часот на бул.„Трета македонска ударна бригада" во Куманово одбиле да се легитимираат и со возило се обиделе да удрат полициски службеник, кој извршувал службени дејствија. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.09.2020 во 14.55 часот во СВР Скопје, Д.П. од Скопје пријавил дека околу 14.20 часот, додека бил на своето работно место како лекар на Оддел за токсикологија во Комплекс клиники „Мајка Тереза" бил физички нападнат од С.И.(32) од Скопје. Веднаш се преземени соодветни мерки и активности и лицето е ропнадено и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.09.2020 во 13.00 часот во СВР Скопје, К.М.(38) од Скопје пријавила дека околу 11.00 часот, додека се движела на патот кон Средно Водно, на крстосницата за Сончев Град со патничко моторно возило „спарк" удрила во куќе и застанала со возилото, по што две лица почнале да и упатуваат навреди и закани, а едно од лицата почнало да фрла со тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.09.2020 во 21.00 часот во СВР Скопје, И.К.(43) од Скопје пријавил дека во нас.„Пинтија" во Скопје, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 20.09.2020 во 03.20 часот во СВР Скопје, Т.И.(26) од с.Тарино, штипско, пријавил дека околу 03.00 часот на ул.„9" во нас.„Илинден" во Скопје бил физички нападнат од М.М., Б.К. и К.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.09.2020 околу 18.30 часот во СВР Скопје, Ш.Ш.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„100" во с.Волково, скопско, по претходна расправија помеѓу неговото дете и детето на Љ.Ѓ., неговиот 13 - годишен син бил физички нападнат од Љ.Ѓ(47) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.09.2020 околу 23.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.Х.(39) од Скопје пријавил дека околу 22.00 часот на ул.„Гаврилахара", во нас.„Шуто Оризари" во Скопје, неговиот 17-годишен син, бил физички нападнат од Л.И.(21) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 20.09.2020 во 17.20 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Н.(86) од с.Долно Лисиче, скопско, пријавил дека во с.Долно Лисиче, во близина на место викано „Орешка", бил каснат од куче скитник.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при БЈБ поднесе кривична пријава против А.Љ.(31) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 05.09.2020 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле две празни рамки за пиштол, рамка за пиштол со пет куршуми од 9 мм, маневарски куршум за автоматска пушка, балистички елек со заштитна плоча, гумена палка и др.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против З.П.(61) и Л.А.(59), двајата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Во периодот од 22.08.2005 до 19.09.2018, тие утврдиле и определиле за плаќање данок на имот кај 27.905 физички и 238 правни лица и комунална такса по основ на фирмарина кај 4.810 правни лица на подрачјето на Општина Куманово, а доспеаните износи не биле уплатени во законски предвиденот рок. Пријавените, иако биле должни, не постапиле согласно одредбите од Законот за данок на имот и не спровеле постапка за присилна наплата, туку со неизвршување на својата службена должност и овластување дозволиле да поминат пет години од денот на доспевањето на даночните обврски, тие да застарат и да бидат отпишани како застарени и ненаплатени, со што нанеле штета на буџетот на Општина Куманово, по сите три основи во вкупен износ од 42.898.437 денари.

Секој увид и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Даме Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет